Бр. 12-1447/5
19.11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, постапувајќи по пријава од познат подносител , Државната комисија за спречување на корупцијата на 24 -та седница одржана на ден 15 Ноември, 2019 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12-1447/1 од 13.03.2019 година, од познат подносител физичко лице - ---------------------- од ----------- , вработен во ------------------ при Министерство за ------------------, со која се изразени сомневања за корупттивни дејствија сторени преку незаконито распоредување/прераспоредување на подносителот на пријавата, по потреба на --------------------, од едно работно место во --------------------- на друго работно место, при кое, како што наведува, му се намалуваат --------------- како и добива --------------- плата, СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1447 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1447/1 од 13.03.2019 година.

Предметот со број 12-1447 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1447 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 1447/1 од 13.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител физичко лице ---------------- од -----------, вработен во ----------------- при Министерство за -----------------.

Со пријавата се посочува на незаконито распоредување/прераспоредување на подносителот на пријавата, по потреба на -------------, од едно работно место во ------------------- на друго работно место, при кое му се намалуваат ------------------, како и добива ------------- плата.

Имено, според наводите на пријавителот распоредувањето на другото работно место, по однос на кое решение примил на ден 08.02.2019 година, е спротивно на Законите од областа на ------------------------------ како и на колективен договор.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од Министерството за ---------------- на Република Северна Македонија.

Врз основа на податоците и информациите презентирани од подносителот и оние содржани во прибавените податоци и информации - Известување со прилог документација од Министерството за ----------------------, Државната комисија утврди, меѓу другото дека предметното распоредување од страна на одговорното лице на Министерството за ---------------------- се темели на Одлука на Комисијата за --------------------------- и дека истото е извршено во согласност со одредбите од Законот за ----------------------- – за потребите на Министерството за ------------------ како работодавач. Истовремено, од расположивите податоци и информации Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека предметното распоредување не е извршено во периодот на изборниот процес во Република Северна Македонија – односно во периодот по денот на донесување на одлуките за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија и за распишување на предвремени избори за градоначалник на Општина Охрид, градоначалник на Општина Ново Село и градоначалник на Општина Дебар, донесени на 08 февруари 2019 година, односно и дека ова распоредување не подразбира намалување на платата на подносителот на пријавата, а што е спротивно на наводите на подносителот, кој воедно по однос на распоредувањето користел правно средство – приговор против решението за распоредување по кој одлучува Државната комисија за одлучување во управна постпка и постапка од работен однос во втор степен.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна службено/и лице/а од Министерството за ---------------------, па оттаму и дека наводите од пријавата на подносителот не се потврдуваат и дека се истите неосновани.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 1447/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk